## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,29 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Стоиљковиќ, Кенан Хасипи, Јован Манасијевски, Али Ахмети, Блерим Беџети,Славица Грковска Лошкова, Александар Николоски, Амди Бајрам, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Имер Селмани, Фијат Цаноски, Христина Рунчева, Тито Петковски и Горан Мисовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав заради разгледување на Предлогот на одлуката за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Пред да го ставам предлогот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници.

Од нив за предлогот гласаа сите 53 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневниот ред, Ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, Ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на одлуката да се пријават за збор.

За збор се пријавија пратениците господинот Жерновски Андреј и госпоѓа Топузоца Каревска Роза.

Има збор господин Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми да ја објаснам причината зошто пратениците на ЛДП нема да гласаат за поддршка на точката од дневниот ред. Накратко ќе ги повторам оние ставови што ги кажавме, се разбира обидувајќи се да го заобоколам она што некои овде се обидоа да се премолчи. Меѓутоа, ќе се обидам и да не го повторувам тоа што беше детално кажано, за да не бидеме сфатени дека повторно сакаме да го искористиме овој простор.

Пратениците на ЛДП не можат да го поддржат ова што е предложено денес на дневниот ред, затоа што уште еднаш ќе потенцирам оваа одлука која е предложена е груба партизација на Државната изборна комисија и е безобразно мешање на политичките партии во овој орган, што е од исклучителна битност да имаме фер и демократски избори во Република Македонија.

Актуелен е Извештајот на Европската унија, ќе читам од страница 10 од препораките за состојбата во Република Македонија на полето на државната администрација. Се вели: поголем приоритет треба да се даде на воспоставување јавна администрација која е транспарентна, професионална и ослободена од политичко влијание. Ако оние што се спремаат денес да гласаат “за” сметаат дека одлуката што денес ни е пред нас е ослободување од политичкото влијание, тогаш очигледно не можеме да имаме исто размислување на оваа тема. Да потсетам, разликата од претходниот текст е во тоа што, за разлика од претходно кога само претседателот и заменикот претседател на Државната изборна комисија беа предлагани од политичките партии, овде дефакто, како што знаете, според усвоениот Изборен законик, сите членови од Државната изборна комисија се предлагаат од страна на политичките партии.

Ова е секако во интерес на четирите политички партии кои го постигнаа овој договор, бидејќи ова што го имаме пред нас е производ на договорот постигнат во Клубот на пратеници. Би ве потсетил дека според Извештајот на ОБСЕ и ОДХР за изборите, чиј што Извештај како што слушнавме и од евро амбасадорот Фуере и од Комесарот Оли Рен претставува главна насока зошто го имаме ваквиот Извештај каков што го добивме во однос на изборите се вели. “И покрај скратените рокови заради предвремените избори и повторувањето на гласањето кои следеа, Државната изборна комисија работеше ефикасно. Исто така, покрај наведените притисоци врз некои од членовите, Државната изборна комисија работеше колегијално и непристрасно”.

Дефакто денес се разрешува Државната изборна комисија која е единственото нешто позитивно во Извештајот на ОБСЕ и ОДХР за изборите. Единствено нешто позитивно во сите овие страници е улогата на Државната изборна комисија. Ние бевме први или една од двете политички партии кои побаравме за следните парламентарни избори да има како што знаете, според договорот што беше постигнат меѓу политичките партии, опозицијата да го има претседателското место, меѓутоа, во овој состав кој што е сега. Зошто се менува актуелниот состав на Државната изборна комисија ниту министерот ниту еден од политичките партии не објасни зошто се прави тоа денес во Република Македонија.

Почитувани колеги, сакам да ве потсетам на еден многу битен момент, кој во името на политичките партии 4 присутни во Клубот на пратеници го изнесе, како гласноговорник на целиот тој договор, министерот за правда. Министерот за правда при своето објаснување, кога ја објаснуваше потребата од донесување на Изборниот законик по итна постапка и второ, при крајот на дискусијата кога се јави по текстот за да сугерира дека треба да се поддржи Изборниот законик, ни кажа дека ова е нов услов кој што го имаме добиено од страна на Европската унија и трето, потенцираше дека сето ова се прави не во интерес на четирите политички партии, туку во интерес на Република Македонија. Ќе цитирам, кажа: “ова се прави за да влезе како дел во Извештајот за Република Македонија од страна на Европската комисија”, иако тогаш ако се сеќавате имаше само 7 дена пред објавување на Извештајот, за да имаме и позитивен дел, односно некој аргумент што ќе биде ставен во позитивните делови на Извештајот. Тој ни кажа овде дека ова се прави во интерес на Република Македонија. сите претставници од политичките партии кои го направија овој договор, од ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и СДСМ, барем по еден од оваа говорница или од собраниското микрофон кој што се наоѓа пред нас, пред нашите места, ни објаснуваше дека ова се прави затоа што ќе бидеме пофалени во Извештајот на Европската комисија и ќе биде констатирам напредок во политичкиот дијалог, кој што беше јасно дека ќе биде критикуван, затоа што ќе биде напомнато дека со консензус се донел Изборниот законик. Не е вистина, почитувани дами и господа. Сите го добивме Извештајот од Европската комисија и јас би ги замолил било кој од четирите политички партии да покаже каде е набележано дека Изборниот законик е донесен со консензус како пофалба и дека тоа претставува позитивен исчекор во проблематичниот политички дијалог во Република Македонија. Имаме ли такво нешто во Извештајот?

Пратениците од ЛДП неколку пати ви кажаа дека извештај позитивен не се добива 7 дена пред тој да биде напишан, затоа што сметам дека поголемиот дел од нас знаат дека тој се пишува цела година, а готов е да не речам месец дена претходно и неколку пати ве повикувавме да кажете од каде се тие гаранции дека ова ќе биде вметнато. Јас не успеав досега да го најдам. Се разбира, ако некој го има Извештајот и ако ме демантира, јас принципиелно ќе се извинам и ќе кажам дека не сум го прочитал Извештајот. Такво нешто нема во Извештајот.

Оттаму, почитувани дами и господа, не е воопшто тешко да се заклучи дека ова е едноставно грубо имплементирање на она што е постигнато како договор во Клубот на пратениците и сметам дека ние денес, односно тие што ќе го поддржат ова што ни е предложено ќе испратат една многу лоша порака. Главната критика зошто нема датум за преговори се изборите што се случија на 1 јуни, односно вонредните парламентарни избори.

Нашата порака која што ја праќаме денес е да, ние ја сфативме критиката и на кој начин ја сфативме критиката? Ја сфативме на тој начин што Државната изборна комисија целосно ја партизираме. Мислам дека тоа е многу погрешна порака и мислам дека не само што не оди во правец на тоа дека сме ја сфатиле критиката, дека сакаме да се промениме, туку праќаме порака дека напротив, ние сепак во Република Македонија сакаме да си имаме партиски избори. Такви сме си навикнати, такви ќе си тераме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Не само што по Деловникот мораме во првата минута да се пријавиме, не само што мораме да бидеме тука, не дај Боже некој да има потреба една секунда да му е лошо да излезе надвор и да му помине редот, но очигледно и не можеме да се одјавиме. Но добро, тоа е што е, го имаме Деловникот, имаме критики од Европската унија на недостаток на политички дијалог. Се надевам дека ќе успееме една точка или запирка да промениме од тој Деловник, иако сите ни укажуваат ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, Деловникот не е тема на дискусија.

**Роза Топузова Каревска:** Па морам како вовед да го кажам тоа.

**Трајко Вељаноски:** Кога се пријавувавте да мислевте дали сакате да земете збор или не, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Нема проблем почитуван претседателе.

Токму поради тоа што мојот колега Андреј Жерновски го изнесе и ставот на пратеничката група на ЛДП, односно на пратниците од ЛДП, ги изнесе и наводите кои што ги имаме добиено од релевантни институции како што е ОБСЕ и ОДХР, потоа Извештајот од Венецијанската комисија и останатите релевантни меѓународни фактори, кога беше на дневен ред Изборниот законик, ЛДП имаше поднесено амандман со кој што баравме да немаме партизација на Државната изборна комисија токму поради фактот што единствено позитивно во Извештајот во насока на изборите кои не само што станаа деветти критериум туку имаа и значителна улога во негативниот Извештај кој што го добивме оваа година од Европската унија, Извештај кој што можеби е единствено подобар од оној што ќе го добиеме догодина, а инаку од сите претходни години е најлош и токму поради тоа укажувавме дека барем она што било добро, односно работата на Државната изборна комисија, треба да го почитуваме, односно она што не оцениле дека е добро и дека не треба да имаме комплетна промена на сите членови од Државната изборна комисија. Навистина не ни е јасно, ако некој добро си ја завршил својата работа, тогаш зошто сега да имаме одлука со која треба повторно да се избираат нови членови, а веќе овие покрај другото имаат и едно добро работно искуство во оваа насока. Нам почитувани колеги ни требаат фер и демократски избори со добро подготвена екипа како што е Државната изборна комисија и мислам дека многу пологично ќе беше, наместо партиските членови, единствено според Законот кој и порано важеше и овде се сеќаваме дека ВМРО-ДПМНЕ долго време се пазареше околу тоа да го имаат претседателот на Државната изборна комисија кога беа во опозиција и сега по таа нивна логика требаше да дојде до промена само на претседателот на Државната изборна комисија, додека останатите членови наместо да бидат казнети како што е во случајот за нивната добра работа, требаше ако не наградени барем да останат успешно да ги завршат овие претстојни локални и претседателски избори.

Токму поради ова што го кажав и што го кажа мојот колега не можеме да се согласиме за партизацијата на Државната изборна комисија, не можеме да се согласиме исто и за партизацијата на избирачките одбори што ја имаме со Изборниот законик и нема да ја поддржиме ниту да ја поддржиме ниту оваа одлука и навистина секогаш, кога гледаме дека од ден на ден партизацијата станува се поевидентна и во државната администрација, се вработуваат луѓе исклучиво по партиска основа без да се води сметка за стручноста и компетентноста, ние како ЛДП тоа не го оправдуваме и секогаш ќе се залагаме за вработување по стручност и компетентност, луѓе кои навистина успешно ќе се ги обавуваат своите работни задачи, а не да земаат плата без ништо да работат и затоа да имаме буџет онаков каков што имаме оваа година.

Сосема на крајот, нема да дадеме поддршка на одлуката, затоа што прво сметаме дека Државната изборна комисија требаше да остане иста, луѓето кои добро работеа и под тие услови кои ги имаа, кои се добро оценети, нивната работа е добро оценета од меѓународната заедница, требаше да останат со тоа што ќе се сменеше претседателот, а не сите членови и со тоа немаше да имаме партизирана Државна изборна комисија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас

За реплика се јави госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Еве, и колешката Роза го спомна Извештајот за напредокот на Република Македонија, во тој контекст и носењето на Изборниот законик. Се јавувам само за да исправам неточно изнесен навод и претходно од колегата Жерновски и сега.

На страна 7 од Извештајот за напредокот на Република Македонија стои: “Во октомври Изборниот законик беше изменет главно во согласност со препораките на ОБСЕ и ОДХР особено во однос на одржување на списокот на гласачи, зајакнување на правилата за финансирање на изборната кампања и појаснување на постапката за решавање на изборните нерегуларности”. Значи не е точно дека од страна на Европската комисија не е забележано донесувањето на Изборниот законик, кој беше донесен со огромен број гласови во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Репликата на почитуваната колешка Бонева покажа дека ние сме апсолутно во право. Никаде не пишува дека е пофален консензусот со кој што е донесен Изборниот законик и никаде не се спомнува дека е во насока на Државната изборна комисија. Се спомнуваат успешност во финансирањето на кампањата и списоците итн. Денес говориме за Државната изборна комисија и токму тука нашата забелешка е за партизацијата на Државната изборна комисија. Значи никаде не се спомнува добро е што се врши па ртизација во Изборниот законик како со Државната изборна комисија, така и со избирачките одбори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Сетоа тоа е добро, меѓутоа, ние сега спроведуваме закон, не можеме да не спроведеме закон. Тоа е закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Мислам дека сте во право.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник. Од нив за Предлогот на одлуката гласаа 78 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Продолжуваме со работа во 12,30 часот со Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,52 часот)